Г Р А Д  С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за општи работи

ПРЕТСТАВНИК: Грковски Ѓорѓи,
Помошник Раководител
на Сектор за Општи работи

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје во Јавното Сообраќајно Претпријатие „Скопје“ - Скопје**

Скопје, јуни 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Град Скопје на ___.___2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје во Јавното Сообраќајно Претпријатие „Скопје“ – Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука, Град Скопје ја утврдува потребата за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје во Јавното Сообраќајно Претпријатие „Скопје“ – Скопје, во понатамошниот текст ЈСП „Скопје“ - Скопје.

Член 2

Средствата потребни за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје од страна на ЈСП „Скопје“ - Скопје, се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2022 година, ставка ЕО 424110.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи Договор за одржување и сервис на сите возила сопственост на Град Скопје со ЈСП „Скопје“ - Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Град Скопје.

Број _____________
___.___ 2022 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, да донесува одлуки и да се грижи за ресурсите и капацитети сопственост на Град Скопје.

Потребата за квалитетно одржување и сервис на возниот парк на Град Скопје за тој да биде во солидна функционална кондиција на сите возила, сопственост на Град Скопје, вклучувајќи ги и специјалните возила на БППЗ, потребно е да се врши ажурно и активно 24/7 во соодветни простории и капацитети, со кои располага ЈСП „Скопје“ - Скопје.

Одлуката се носи со цел да се редуцираат финансиските трошоците на Град Скопје, во насока за поефикасно, поекономично и пофункционално искористување на сите капацитети и ресурси во надлежност на Град Скопје.

Врз основа на предходно изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.